**Наташа Трбојевиќ** основно и средно музичко училиште завршува во класата по пијано на проф. Санда Бикова во Штип. Своето музичко образование го продолжува на Факултетот за музичка уметност во Скопје каде дипломира во класата по пијано на проф. Лепша Пиперковска, а подоцна магистрира во класата на проф. Евушка Елезовиќ. За време на своите студии Трбојевиќ посетува повеќе семинари и мајсторски класови кај истакнати педагози по пијано како што се: Ј. Михајловиќ, Т. Тимакин, А. Валдма, Б. Романов, Д. Трбојевиќ и др. Таа има учествувано на повеќе натпревари организирани во тоа време од Музичките педагози на Македонија при што има освоено една трета награда и повеќе втори награди. Од 1988 до 2008 г. работи како наставник по пијано и уметнички соработник во Средното музичко училиште во Штип. Таа спаѓа во првата генерација на дипломирани клавиристи во Штип и е една од основноположниците на клавирската класа во средното музичко училиште. Многу од нејзините ученици имаат освоено награди на државните и меѓународните натпревари по пијано. Член е на комисијата по пијано на Државните натпревари за млади музичари од 2005-2008.

Од 2008 г. Трбојевиќ работи како уметнички соработник на Факултетот за Музичка Уметност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во класите по кларинет, флејта, труба и соло пеење. Трбојевиќ како пијанист има настапувано со Б. Трајанов, Б. Поп-Томова, В. Ристов, З. Митева, и др. Истотака, таа има реализирано повеќе солистички концерти во рамките на Националната програма на Министерството за култура на РМ, Штипско културно лето, Велешко лето, Млади музички уметници, Музичка младина на Македонија и др. Таа е член на повеќе камерни состави: Трио Акдемико, УГД пијано триото, дуото Трбојевиќ-Настевски.

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

# КОНЦЕРТ

на

**БРАНКО ПАВЛОВСКИ-кларинет**

**НАТАША ТРБОЈЕВИЌ-пијано**

Понеделник, 21 Октомври, 2013

13:00 часот, ФМУ Концертна сала

**ПРОГРАМА:**

1. CAMILLE SAINT-SAËNS: Sonata op. 167

I. Allegreto
II. Allegro animato
III. Lento
IV. Molto allegro

2. HENRI RABAUD: Solo de Concours

3. VANJA NIKOLOVSKI: Introduction et Rondo

***

4. JULES MOUQUET: Solo de Concours

5. LOUIS CAHUZAC: Variations sur un air du Pays d'Oc

6. ANDRÉ MESSAGER: Solo de Concours

**Бранко Павловски,** дипломирал и магистрирал на УКИМ Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на Проф. И. Кочаров. Се усовршувал на постдипломски студии на Државната музичка академија во Софија, во класата на П. Радев, Академијата за музички уметности во Прага, кај Ш. Коутњик, Националниот Конзерваториум во Версај, кај Ф. Купер, Националниот Конзерваториум во Вил д'Аврej-Париз, кај Д. Видал. Павловски завршил докторски студии на Факултетот за музичка уметност на Државниот универзитет на Луизијана, Батон Руж, САД, во класата на Р. Дилутис, каде работел како асистент по кларинет се до 2011 година. Краток временски период од својата педагошка дејност работел во ДМБУЦ „И.Н. – Луј" во Скопје. Во моментов е доцент на Факултетот за музички уметности на УГД во Штип.

Павловски бил лауреат на повеќе државни и меѓународни натпревари по музика и има добиено повеќе награди и признанија. Како солист и камерен музичар Павловски настапувал во САД, Франција, Англија, Чешка, Германија, Италија, Бугарија, Полска, Србија и Македонија. Тој бил прв кларинетист на Воениот Оркестар на АРМ, а истотака соработувал со Батон Руж Симфонискиот Оркестар, Акадиана Симфонискиот Оркестар, Опера Луизиана, Прага Моцарт Оркестарот, Ансамблот за Современа Музика на Националнот Конзерваториумот во Версај, Македонската Филхармонија и др. Настапувал на повеке фестивали во земјата и странство како што се: ЛСУ Фестивалот за современа музика во Батон Руж, MusiPoeSci во Париз, Интернационалниот музички фестивал во Дартингтон, Охридско лето, Скопско лето, Денови на македонската музика, Штипско лето, Манифестацијата по повод денот на словенските просветители 'Кирил и Методиј' во Рим, потоа преку програмите на КИЦ, Музичка Младина на Македонија, и др. Како промотор на современата музика Павловски има премиерно изведено повеќе нови дела за кларинет. Тој бил член на повеќе камерни состави: ЛСУ кларинет квинтетот, Дувачкото трио „Виво", дувачкиот квинтет „Нова", „Арт", Трио Академико и др.